Врз основа на член 25 став 4 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 79/2013, 137/2013, 41/2014, 44/2015, 6/2016, 53/2016, 190/2016 и 64/2018), Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на седницата одржана на 08.05.2018, го донесе следниот

Архивски број 0101
Рок на чување: ТРАЈНО год.
08.05 20 18 година
Потпис,

# ПРАВИЛНИК
## за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори

**Член 1**

Овој Правилник ги пропишува основните карактеристики на инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори (во натамошниот текст: „Инструментот“), критериумите и процедурите за аплицирање за кофинансирање и критериуми и процедури за доделување на кофинансирање.

## I. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**Член 2**

Целта на овој Инструмент е да обезбеди финансиска поддршка за воспоставување, работење и инвестирање на деловно-технолошките акцелератори во согласност со одредбите на Законот за иновациска дејност. Се очекува дека деловно-технолошките акцелератори (во натамошниот текст: „акцелератори“) ќе ја играат клучната улога во националниот систем за иновации преку обезбедување на ресурси кои ќе придонесат за забрзан и одржлив раст и развој на новооснованите старт-ап претпријатија.

Поддршката, преку овој Инструмент, ќе биде доделена за воспоставување (опционално) и работење на акцелератор, имплементацијата на пред-инвестициона програма и инвестиции. Акцелераторите ќе обезбедуваат услуги за новооснованите старт-ап претпријатија, кои вклучуваат: канцелариски простор (опционално) и административна поддршка, обука, советување и/или менторство, пристап до ресурси за поддршка на бизнисот, како и финансиски инвестиции. Новооснованите старт-ап претпријатија кои ги користат услугите на акцелераторот стекнуваат статусот на корисници на деловно-технолошкиот акцелератор (во натамошниот текст: „корисници на акцелераторот“).

**Член 3**

Преку овој Инструмент, Фондот за иновации и технолошки развој (во натамошниот текст: „Фондот“) обезбедува финансирање **до 75% (седумдесет и пет проценти) од вкупниот буџет на проектот, за максимален износ од 500.000,00 (петстотини илјади) евра за оперативни трошоци (повеќето во фаза 1, а дел во фази 2 и 3) и инвестиции (во фази 2 и 3) како што е опишано во член 12.**

Преостанатиот износ на вкупниот буџет на проектот треба да биде обезбеден од апликантот(ите). Средствата добиени од Фондот по која било друга основа или која било друга форма на државна помош не се прифатливи како кофинансирање на апликантот.

Трошоците подобни за финансирање според овој Инструмент и условните горни граници кои се применуваат за кофинансирањето од Фондот, како и распредувањето на финансирањето се уредени во член 12 од овој Правилник.

Независно од ставот 1 на овој член, средствата доделени преку Инструментот можат да се зголемат ако акцелераторот покажува добри резултати, односно задоволителна реализација на активностите предвидени со предлог проектот. Одлуката за зголемување на средствата ја донесува Комитетот за одобрување на инвестиции (во натамошниот текст: „Комитетот"[1]) по барање поднесено од акцелераторот, а по претходна согласност од Фондот.

**Член 4**

Времетраењето на проектот за кој се доделени средства преку овој Инструмент може да биде до 36 (триесет и шест) месеци, за воспоставување и работење кумулативно.

Во случај на новооснован акцелератор, периодот на воспоставување на акцелераторот може да се продолжи до 6 (шест) месеци. Се поттикнуваат пократки периоди на воспоставување.

Поради оправдани околности, Фондот може да одобри продолжување на периодот за спроведување на проектот до 12 (дванаесет) месеци.

Продолжувањето на периодот за спроведување на проектот за време подолго од периодот предвиден во став 3 на овој член може да се одобри само со одлука донесена од Комитетот.

Дополнително продолжување на времетраењето на проектот исто така може да се одобри во случај на зголемување на средствата доделени според овој Инструмент.

## II. ОБЕМ НА РАБОТА НА АКЦЕЛЕРАТОРОТ

**Член 5**

Се очекува акцелераторот да ги следи глобално признатите добри практики на акцелерација и да ги организира своите активности во согласност со следните фази: Фаза 1: Прединвестициона програма; Фаза 2: Почетни инвестиции; Фаза 3: Натамошни инвестиции.

Во **Фаза 1: Прединвестициона програма**, се очекува акцелераторот да имплементира програма наменета за старт-ап претпријатија кои би можеле да вклучуваат која било комбинација на следното:

---

[1] Комитетот е група на независни меѓународни експерти со големо познавање на иновациите, акцелерацијата и ризичниот капитал. Комитетот ја проценува подобноста за финансирање според сите инструменти на ФИТР кои се финансирани во рамките на проектот за развој на вештини и иновации, како што се: кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва, старт-ап и спин-оф претпријатија, кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации, кофинансирани грантови за технолошка екстензија. Нивните профили може да се видат на www.fitr.mk.

- Идентификација и пристап до потенцијалните корисници на акцелератори преку промоција и деловно вмрежување;
- Создавање и спроведување на програма за обука, советување и менторство за корисниците на акцелераторот;
- Воспоставување и обезбедување на пристап до услуги за поддршка на корисниците на акцелераторот во области како што се: деловно планирање, развој на бизнисот, пробивање на пазарот и развој, правни и финансиски прашања, заштита на права од интелектуална сопственост, развој на прототипови, развој на пилот линии, маркетинг и други видови поддршка на иновативен производ, развој на услуги и процеси;
- Обезбедување на канцелариски простор и административна поддршка за корисниците на акцелераторот, според потребите;[2] и
- Организирање на настани за деловно вмрежување и за привлекување на инвеститори.

Акцелераторот се очекува, во рок од 12 (дванаесет) месеци, да вклучи во Прединвестиционата програма околу 10 (десет) корисници на акцелераторот кои ги исполнуваат условите утврдени во член 10 од овој Правилник. Се охрабрува вклучување на поголем број на корисници и се дава поттик на акцелераторот да генерира големо портфолиона старт-ап претпријатија. Се очекува акцелраторот да предложи во Прединвестициона програма сет на критериуми за избор на корисници на акцелераторот.

Во **Фаза 2: Почетни инвестиции**, се очекува акцелераторот да обезбеди канцелариска поддршка (опционално) и советодавна поддршка, како и почетни инвестиции за избраните корисници на акцелераторот кои успешно ја поминале Фазата 1. Фондот ќе ги кофинансира почетните инвестиции во согласност со одредбите од член 12 на овој Правилник.

Корисниците на акцелераторот мора да имаат висок потенцијал за раст и висок пазарен потенцијал, да бидат значајни за индустријата и со позитивни перформанси за да можат да се квалификуваат за Фаза 2.

Инвестициите треба да се направат на таков начин што финансираното старт-ап претпријатие ќе може да обезбеди континуирано финансирање и да продолжи да расте кога ќе ги постигне наведените цели на финансирањето поставени од страна на акцелераторот.

Во **Фаза 3: Натамошни инвестиции**, акцелераторот може да инвестира дополнително во корисниците на акцелераторот кои биле поддржани во Фаза 2. Фондот ќе ги кофинансира натамошните инвестиции во согласност со член 12 од овој Правилник.

При аплицирањето, се очекува акцелераторот да предложи јасна Прединвестициона програма, инвестициона стратегија за почетни и натамошни инвестиции со дефинирани критериуми и постапки за избор на корисниците во кои ќе се инвестира, како и условите за инвестирање и стратегија за излез.

Се очекува акцелераторот да поддржи приближно 3 (три) компании со натамошни инвестиции во согласност со одредбите од член 12 на овој Правилник.

---

[2] Се нагласува дека Фондот очекува акцелераторот да вложи максимални напори за да обезбеди консултантски услуги, тренинг, менторство и релативно помали трошоци или поддршка за физичката инфраструктура.

Акцелераторот потпишува договор со секој корисник на акцелераторот, со кој ќе се дефинираат правата и обврските на двете страни во секоја од горенаведените фази.

Инвестиционата стратегија на акцелераторот, објаснета во предлог проектот, треба да содржи информации за утврдување на процентот на сопственичко учество во корисникот на акцелераторот кој ќе биде во сопственост на акцелераторот. Инвестиционата стратегија треба да се објасни за Фаза 2: Почетни инвестиции и Фаза 3: Натамошни инвестиции.

Се очекува акцелераторот да ги поддржи корисниците на акцелератори во пристапот до финансии, односно обезбедување инвестиции надвор од оние предвидени со овој Инструмент. Фондот нема да кофинансира во оваа фаза, односно Фондот ќе кофинансира само во Фаза 2 и Фаза 3.

**Член 6**

Во случај акцелераторот да го продаде своето сопственичко учество (или дел од истото) во корисниците на акцелератор и тоа сопственичко учество (или дел од истото) да било стекнато со кофинансирање од Фондот, акцелераторот е должен да ги подели приходите од продажбата на сопственичкото учество (или дел од истото) во сооднос 50:50, помеѓу Фондот и акцелераторот. Фондот ќе прими средства од продажбата на сопственичкото учество (или дел од истото) од став 1 на овој член во максимален износ во висина на кофинансираниот дел од Фондот во таа инвестиција (само кофинансираниот дел од финансирањето на корисниците на акцелераторот, а не оперативните трошоци на акцелераторот). Сите други приноси од инвестициите во корисниците на акцелераторот кои се кофинансирани од Фондот ќе припаднат на акцелераторот. Во случај на загуби, акцелераторот не му должи ништо на ФИТР.

Акцелераторот е должен да го извести Фондот пред секоја продажба на сопственичко учество (или дел од истото) коешто било стекнато со кофинансирање од Фондот. Фондот има право да стави вето на секоја продажба која вклучува финансирање доделено од Фондот во случај на измамничко однесување, утврден судир на интереси или друга околност која се коси со добрата техничка, економска, финансиска, управувачка, еколошка и социјална практика и стандарди. Фондот ќе обезбеди брзи одобрувања за да го олесни процесот на договорање од страна на акцелераторот.

Обврската на акцелераторот опишана во ставот 1 и став 3 од овој член ќе важи до излезот на акцелераторот од сите почетни инвестиции и натамошни инвестиции во корисниците на акцелераторот кои се кофинансираат од страна на Фондот.

**Права од интелектуална сопственост и know-how**

**Член 7**

Се очекува акцелераторот да обезбеди поддршка на корисниците на акцелераторот во однос на заштитата на правата од интелектуална сопственост.

Фондот нема да биде одговорен за какви било спорови од областа на заштитата на правата од интелектуална сопственост помеѓу акцелераторот, корисниците на акцелераторот, и кои било трети лица.

## III. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ

**Член 8**

Субјекти кои се подобни за финансирање според овој Инструмент се правни лица кои обезбедуваат услуги за новооснованите старт-ап претпријатија, како што се: канцелариски простор (опционо) и административна поддршка, обука, советување и/или менторство, пристап до ресурси за деловна поддршка, како и финансиски инвестиции (во натамошниот текст: „акцелераторски услуги“).

Таквиот субјект треба да ги исполнува следните критериуми за подобност:

- да биде правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија, во согласност со Законот за трговски друштва или Законот за здруженија и фондации
- да биде во мнозинска македонска сопственост (50,1% или повеќе)[3] - за трговските друштва, или мнозинството основачи (50,1% или повеќе) треба да бидат државјани на Република Македонија - за здруженија и фондации.
- да има сопственичка / основачка структура составена од:
  - физичко(и) лице(а); и/или
  - правно(и) лице(а) основано(и) како трговско друштво, здружение или фондација, регистрано(и) во Централниот регистар на Република Македонија, во согласност со Законот за трговски друштва или Законот за здруженија и фондации; и/или
  - единица(и) на локалната самоуправа во Република Македонија (да има(ат) до 30% сопственичко учество во акцелераторот); и/или
  - високообразовна(и) или научна(и) и истражувачка(и) институција(и) (да има(ат) до 30% сопственичко учество во акцелераторот); и/или
  - Република Македонија (да има до 30% сопственичко учество во акцелераторот).

Во случај на јавно-приватно партнерство, се применуваат одредбите од Законот за државна помош и Законот за концесии и јавно-приватно партнерство.

Договорот за доделување на средства се потпишува помеѓу Фондот, од една страна, и акцелераторот, од друга страна.

**Член 9**

Со акцелераторот раководи тим од најмалку две лица со следните квалификации:

а) Раководителот/директорот треба да има:

- Повеќе од 5 (пет) години работно искуство во финансии и инвестиции на раководна позиција.

б) Најмалку еден член на тимот треба да има:

[3] Најмалку 50,1% од сопствениците/основачите треба да бидат државјани на Република Македонија.

- Повеќе од 5 (пет) години работно искуство во развој на бизнис и поддршка во развој на претпријатија, од кои најмалку 3 (три) години на раководна позиција.

Се очекува акцелераторот да формира комисија за инвестиции составена од 3 (три) до 5 (пет) членови кои ќе одлучуваат за доделување на инвестиции во фаза 2: почетни инвестиции и фаза 3: натамошни инвестиции.

Секој член на комисијата за инвестиции треба да има:

- Повеќе од 5 (пет) години работно искуство во управување или инвестиции во микро, мали и средни претпријатија.

Проектите кои имаат стратешки партнерства со организации / лица со меѓународно искуство во воспоставување и управување со деловно-технолошки акцелератори ќе имаат предност при доделувањето на финансирањето. Во случај на стратешко партнерство правата, обврските и активностите на секој ентитет треба да бидат специфицирани во договорот за соработка кој треба биде доставен до Фондот во моментот на аплицирањето за финансиски средства.

**Член 10**

Корисниците на акцелераторот, поддржани преку финансирање доделено од Фондот, треба да ги исполнуваат следниве критериуми за подобност:

- да бидат новоосновани микро, мали или средни старт-ап претпријатија, регистрирани во Централниот регистар на Република Македонија, во согласност со одредбите на Законот за трговските друштва и Законот за иновациска дејност.
- да бидат во сопственост на физичко(и) лице(а) и/или микро, мали или средни претпријатија (со мнозинска македонска сопственичка структура од 50,1% или повеќе),
- да вршат развој на бизнисот базиран на иновации,[4] со значителен потенцијал за раст, да бидат извозно ориентирани и со значителен тимски капацитет.
- да не бидат активни во следните области:
  1. производство, трговија или други активности кои се незаконски според законите или прописите на Република Македонија;
  2. производство на и трговија со тутун, дестилиран алкохол и други слични производи;
  3. производство на и трговија со оружје и муниција од секаков вид:
  4. казина и други слични претпријатија кои организираат игри на среќа и други игри,
  5. истражување, развој и технички апликации поврзани со електронски податоци, софтвер или решенија кои:
     a. се поврзани со:

[4] Во согласност со одредбите на Законот за иновациска дејност, „иновација“ е примена на нов или значително подобрен производ, технологија, процес или услуга, вклучително и техничките спецификации, компоненти и материјали, вграден софтвер, ориентација кон корисници или други функционални карактеристики, маркетинг метод или нов организациски метод во работењето, во организација на работните односи или односите на правното лице со околината.

- Поддршка на која било од активностите во рамки на областите предвидени во точките 1, 2, 3, 4, 5, 6 од овој став; или
- Порнографија;

б. се наменети за нелегално обезбедување на:

- Пристап до електронски податоци и мрежи;
- Преземање на електронски податоци;

6. Природнонаучни истражувања, развој на технички апликации поврзани со човечко клонирање за истражувачки или терапевтски цели, или за генетски модифицирани организми (ГМО).

**Член 11**

Активности кои се прифатливи за финансирање според овој инструмент се:

- Управување со акцелератори;
- Административна и техничка поддршка на работата на акцелераторот;
- Обезбедување канцелариска и административна поддршка на корисниците на акцелераторот;
- Менторство, обука и советување на корисниците на акцелераторот;
- Подготовка и спроведување на настани (демо денови, пристап до пазарот, воспоставување на мрежи, пристап до финансии итн.);
- Почетни инвестиции;
- Натамошни инвестиции; и
- Други активности поврзани со обезбедување деловна поддршка на корисниците на акцелераторот.

Листата на активности од став 1 на овој член не е исцрпна.

**Член 12**

Подобни трошоци за финансирање според овој Инструмент се:

- Фаза 1 ќе ги покрие оперативните трошоци како што се: Трошоци за воспоставување на акцелератор, управување со акцелератор, административна и техничка поддршка на работата на акцелераторот, трошоци за менторство, обука и советување, трошоци за надворешни соработници (ментори, обучувачи, советници)[5] и трошоците за материјали за обука, логистичка и техничка поддршка, односно неинвестициски трошоци (вкупното кофинансирање од Фондот за Фаза 1 е до 75% од вкупните трошоци во Фаза 1, односно 75.000 евра). Оперативните трошоци финансирани од Фондот ќе бидат 20% од вкупниот износ на кофинансирање од страна на Фондот во износ од 500.000 евра, додека преостанатиот износ од 400.000 евра ќе биде за инвестиции за Фаза 2 и

[5] Се очекува вработувањето на надворешни соработници да се врши во согласност со добрите практики во индустријата, односно дека повеќето надворешни соработници ќе бидат ангажирани на pro-bono основа и дека ќе им се надоместуваат само трошоци за патување и за дневници.

Фаза 3 во корисникот на акцелератор. Износите на оперативни трошоци за сите три фази се заменливи, односно неискористените износи може да бидат наизменично користени во различни фази, доколку вкупните оперативни трошоци во сите три фази не смеат да надминат 100.000 евра. Горната граница за оперативните трошоци во Фаза 1 е 75.000 евра, а за Фаза 2 или 3 кумулативно, горната граница е 25.000 евра.

- Фаза 2: Трошоци за почетни инвестиции (кофинансирање од Фондот до 75% од вредноста на **секоја** инвестиција, за максимален износ од 25.000 (дваесет и пет илјади) евра по корисник на акцелератор);[6] и
- Фаза 3: Натамошни инвестиции (кофинансирање од Фондот до 75% од вредноста на **секоја** инвестиција, за максимален износ од 75.000 (седумдесет и пет илјади) евра по корисник на акцелератор).[7]
- Износот од 400.000 евра наменет за инвестиции во Фаза 2 и Фаза 3 е заменлив, односно се очекува акцелераторот да создаде добро портфолио на компании подготвени за Фаза 3 и да ги утврди финансиските потреби за Фаза 3 и соодветно да ги направи инвестициите во Фаза 2.

Во дополнение, средствата преостанати од оперативните трошоци може да се користат во Фаза 3.

Се поттикнува поголем дел од буџетот на проектот да биде наменет за инвестирање.

Неподобни трошоци за финансирање според овој Инструмент се:

- трошоци за плаќање камата или долг на трета страна;
- трошоци и провизии за минати или можни идни загуби или долгови;
- покривање на загуби настанати поради курсни разлики, такси и казни;
- трошоци за купување недвижен имот и реновирање;
- готовински исплати од посебната сметка на проектот;
- трошоци за набавка на половна опрема;
- трошоци за реализација на активности претходно финансирани од други извори;
- трошоци за забава и угостителство;
- трошоци за регрутирање на кадар (трошоци за објавување на оглас, провизии за агенции за вработување, трошоци поврзани за селекција на кандидати и слично) и трошоци за прераспределба на вработени;
- надоместоци на плати.

[6] Пример 1: Доколку на корисникот му е потребно финансирање од 30.000 евра, Фондот ќе финансира 75% од 30.000 евра = 22.500 евра, а останатите 7.500 евра ќе бидат финансирани од акцелераторот.
Пример 2: Доколку на корисникот му е потребно финансирање од 100.000 евра, Фондот ќе финансира максимален износ од 25.000, а преостанатите 75.000 евра ќе бидат финансирани од акцелераторот.

[7] Пример 1: Доколку на корисникот му е потребно финансирање од 50.000 евра, Фондот ќе финансира 75% од 50.000 евра = 37.500 евра и преостанатите 12.500 евра ќе бидат финансирани од акцелераторот.
Пример 2: Доколку на корисникот му е потребно финансирање од 300.000 евра, Фондот ќе финансира максимален износ од 75.000 евра, а преостанатите 225.000 евра ќе бидат финансирани од акцелераторот.

Само трошоците кои ќе настанат за времетраењето на проектот, кои се во согласност со одобрениот буџет на проектот и правилата и постапките на Фондот, ќе бидат подобни за финансирање.

Листата на трошоци од став 1 и став 3 на овој член не е исцрпна.

## IV. ПРОЦЕС НА АПЛИКАЦИЈА

### Член 13

Финансиските средства под овој Инструмент се доделуваат на компетитивна основа по објавен јавен повик.

Јавниот повик ќе биде објавен во најмалку два јавни медиуми и на веб страната на Фондот.

Рокот за поднесување на предлог проектите ќе биде одреден помеѓу 30 (триесет) и 90 (деведесет) дена од денот на објавување на јавниот повик.

Содржината на јавниот повик е уредена во Правилникот за управување на инструментите за поддршка на Фондот за иновации и технолошки развој (во натамошниот текст: „Правилникот за управување").

Износот на вкупниот буџет определен за секој јавен повик е одреден во Годишната програма за работа на Фондот и Годишниот финансиски план на Фондот.

За да поднесат предлог проект во врска со јавниот повик, апликантите треба да пополнат Проектна апликација и Буџет на проектот, заедно со останатата документација што е наведена во Правилникот за управување и во јавниот повик.

### Член 14

Во предлог проектот апликантот треба да предложи, а доколку се одобри за финансирање, од апликантот се очекува да формира организациона структура преку која релевантни експерти ќе бидат ангажирани според потребите на корисниците на акцелераторот.

Апликантот, исто така, треба да предложи, а доколку проектот биде одобрен за финансирање, од апликантот се очекува да воспостави постапки, вклучувајќи, меѓу другото, одредби за: судир на интереси, чување на доверливост, измама и корупција, добро финансиско управување, заштита на правата од интелектуална сопственост, заштита на животната средина, постапки за вршење набавки, изборот на корисници на акцелератори и други постапки во согласност со правилата на Фондот и Светската банка, утврдени со овој Правилник и Правилникот за управување.

Акцелераторот треба да обезбеди корисниците на акцелераторот да постапуваат во согласност со добрите трговски обичаи, како и со правилата за управување со животната средина, во согласност со одредбите наведени во Правилникот за управување.

Од менаџерот/менаџерите на акцелераторот се очекува да бидат посветени на активностите на акцелераторот и да дејствуваат самостојно, но под надзор и координација од страна на Фондот.

## V. ПРОЦЕС НА ЕВАЛУАЦИЈА

**Член 15**

Евалуацијата на доставените предлог проекти, како и одлуката за доделување финансиски средства под овој Инструмент, е во надлежност на Комитетот.

При проверка на предлог проектите, Комисијата за административна проверка се води според Документот за административна проверка на предлог проектите.

Правилата и процедурите за административна проверка и за евалуација на предлог проектите подетално се уредени во Правилникот за управување.

**Член 16**

Основните критериуми за евалуација на проектот и доделување на средства според овој Инструмент се:

- Профил на менаџерскиот тим и човечките ресурси;
- Квалитет на проектот;
- Институционални капацитети и одржливост;
- Финансиски параметри;
- Релевантност на буџетот.

Основните критериуми и под-критериуми за евалуација се наведени во Табела за евалуација на предлог проектите.

## VI. Спроведување на проектот и надзор

**Член 17**

Акцелераторот е обврзан ефективно и ефикасно да го спроведе проектот во согласност со Договорот за доделување на средства и во согласност со добрите технички, економски, финансиски, менаџмент, еколошки и социјални практики и стандарди.

Секое отстапување од проектната апликација и буџетот на проектот (промени во планот за активности, промени во доминантната сопственост / основачка структура, промени на клучните луѓе, промени на резултатите итн.) треба да бидат претходно одобрено од страна на Фондот.

Фондот има за цел да ги поттикнува иновативните активности и преземањето ризици. Бидејќи иновативните проекти обично се развиваат поинаку од првичните очекувања, Фондот го има предвид овој фактор кога донесува одлуки за одобрување на промени во проектот.

Фондот одговара на барањата за промени што е можно поскоро.

Правилата и процедурите за спроведување на проектот се подетално уредени во Правилникот за управување.

**Член 18**

Кофинансирањето од Фондот за првиот квартал за Фаза 1 ќе се исплати на посебната сметка како што е утврдено во Правилникот за управување, по потпишувањето на Договорот за доделување на средства и откако акцелераторот ќе достави до Фондот доказ за извршената уплата за сопственото кофинансирање за првиот квартал во форма на извод од банка.

Средствата за секој следен квартал се плаќаат во согласност со условите утврдени во Правилникот за управување и во овој Правилник.

Следните услови за плаќање на кофинансирањето се применуваат во случај на почетни инвестиции и натамошни инвестиции во корисници на акцелераторот, во кој случај Фондот го исплаќа кофинансирањето за секоја инвестиција одделно по исполнувањето на следните услови:

- Акцелераторот ќе поднесе барање за кофинансирање на инвестициите до Фондот. Ова барање треба да содржи информации за потенцијалните инвестиции и условите за инвестирање, вклучувајќи податоци за висината на инвестицијата и процентот на сопственичко учество во корисникот на акцелераторот кој ќе биде во сопственост на акцелераторот.
- Барањето за кофинансирање на инвестициите го поднесува акцелераторот и го одобрува Фондот.
- Акцелераторот доставува доказ дека го платил својот дел од кофинансирањето од најмалку 25% од вкупната инвестиција на сметката на релевантниот корисник на акцелераторот.

Секоја почетна инвестиција и секоја натамошна инвестиција треба да бидат претходно одобрени од страна на Фондот. Фондот има право да стави вето на секоја инвестиција која вклучува финансирање доделено од Фондот во случај на измамничко однесување, идентификуван судир на интереси или друга околност која се коси со добрите технички, економски, финансиски, менаџмент, еколошки и социјални практики и стандарди. Фондот ќе настојува да не го попречува или оневозможува функционирањето на акцелераторот.

Комитетот ја оценува работата на акцелераторот на секои 12 (дванаесет) месеци почнувајќи од почетокот на проектот. Идното финансирање ќе зависи од позитивната оценка од страна на Комитетот.

**Член 19**

Фондот го надгледува проектот преку разгледување на извештаите поднесени од страна на корисникот, преку спроведување на теренски посети и оценување на работата на проектот.

Акцелераторот, заедно со извештаите доставени до Фондот, ќе поднесе извештај за корисниците на акцелераторот (кој ќе вклучува, без ограничувања, опис на проектот, статусот на правата од интелектуална сопственост, услугите добиени од акцелераторот, нивниот напредок и слично) користејќи ги обрасците обезбедени од Фондот.

Правилата и постапките за надзор, следење и евалуација подетално се уредени во Правилникот за управување.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 20**

За сé што не е уредено со овој Правилник се применуваат одредбите од Правилникот за управување и законите на Република Македонија.

**Член 21**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за инструментот за поддршка - техничка помош преку деловно-технолошки акцелератори бр.01-63/1 од 31.01.2015 година донесен од Управниот одбор на Фондот.

**Член 22**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Фондот, а се објавува по добиена согласност од Владата на Република Македонија.

**Број** 01-432/4
**Скопје,** 08.05.2013

**Претседател на Управниот одбор**
**Моника Јованова**